# ИЗДАВАЊЕ НА СООБРАЌАЈНА ДОЗВОЛА

**Институција што го издава документот: МВР**

**Опис:** Сообраќајна дозвола е јавна исправа што ја издава надлежен орган, со која се докажува правото на означување на одредено возило со регистарски таблици, сопственоста на возилото, техничките карактеристики на возилото, потврда за техничката исправност на возилото заради безбедност во сообраќајот, како и периодот на важност на сообраќајната дозвола.

**Потребна документација:**

- Барање за регистрација на ново моторно возило, кон барањето се приложува
- фактура за новокупеното возило*;*
- Доказ за регулирани царински и даночни обврски за возилото, полиса за задолжитено осигурување и докази за подмирени други давачки при регистрацијата (надоместок за користење на јавните патишта, комунална такса, административна такса);
- Доказ за сообразност на возилото со Хомологациските прописи за возила кои важат во Р. Македонија;
- Доказ за техничка исправност на возилото;
- Барање за продолжување на важност на регистрација;
- Упатница за испитување на возило;
- Потврда за поседување на возило од МВР.

Ако во рок од 30 дена од денот на истекот на важењето на сообраќајната дозвола не се поднесе барање за продолжување на регистрацијата, возилото се брише од евиденцијата на регистрираните возила, а регистарските таблици се одземаат, односно истите му се враќаат на органот кој возилото го регистрирал.

**ВАЖНО:**Секоја измена (технички промени на возилото, промена на сопственоста, промена на адресата на живеење, одјавување на возилото и слично), која влијае на промена на податоците во сообраќајната дозвола, сопственикот е должен во рок од 15 дена од денот на настанување на промената да ја пријави во Министерството за внатрешни работи споредживеалиштето, односно седиштето на сопственикот. Кон пријавата за промена, сопственикот на регистрираното возило е должен да приложи и докази со кои ја докажува настанатата промена.

# 1.Изгубена сообраќајна дозвола

Изгубената сообраќајна дозвола **се објавува во “Службен весник на Република Македонија”.** За изгубената сообраќајна дозвола се издава дупликат согласно со податоците содржани во евиденцијата на Министерството за внатрешни работи.

Барањето за издавање на дупликат сообраќајна дозвола се поднесува лично од сопственикот на возилото. Кон барањето се поднесува писмена изјава во која се наведува времето и местото на губењето на сообраќајната дозвола.

Сообраќајната дозвола за која е издаден дупликат не смее да се користи во патниот сообраќај, а доколку истата се пронајде сопственикот е должен да ја врати во Министерството за внатрешни работи.